Република Северна Македонија
Универзитет „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет „Јустинијан Први"
Бр. 01 - 275/1
02 03 2026 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВОД
# ОД ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ
# (01.03.2025 - 28.02.2026 ГОДИНА)

## ВОВЕД

Извештајот ги опфаќа активностите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје остварени во периодот од 01.03.2025 година до 28.02.2026 година. Во овој период, факултетските активности беа, главно, насочени кон остварување на следните основни задачи и тоа: а) продолжено одржување на финансиската стабилност на Факултетот, со остварена редовност во плаќањата на факултетските обврски, како и создавање на услови за одржување на таквата стабилност во наредните години, со цел да се пресретне ризикот од евентуално идно намалување на сопствените приходи; б) одржување на трендот од последните две години на зголемување на бројот на запишани студенти, особено на првиот циклус на студии, присутен во претходниот период; в) натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања на Факултетот; г) спроведување на постапката по доставените елаборати за повторна акредитација на постојните и акредитација на нови (реформирани) студиски програми и тоа: пет студиски програми на втор циклус за кои акредитацијата е комплетно завршена и шеснаесет студиски програми на трет циклус за кои постапката е во тек; д) натамошно интензивирање на меѓународната, научната и конференциска и проектна активност на Факултетот, вклучително преку одржување на меѓународни конференции и други собири, гостувања на реномирани странски предавачи и други гости, зголемена проектна активност и мобилност на студентите и наставниот кадар; ѓ) продолжување на напорите за вработување на нов кадар на Факултетот; е) поддршка на активностите на Центарот за кариера на студентите и на работата на постојните и основање на нови центри за клиничка едукација на Факултетот; з) подобрување на факултетската инфраструктура.

Состојбата околу **финансиите** на Факултетот во извештајниот период продолжи да биде стабилна, со целосно запазена редовност во плаќањето на факултетските обврски кон вработените и надвор од Факултетот. Тоа се должеше, главно, на поголемиот обем на пренесени сопствени средства од 2024 во 2025 година (и претходно, од 2023 во 2024 година), во услови кога вкупните сопствени приходи на сметката 788 во однос на претходната година забележаа пораст од 7,12%, а, вкупните сопствени расходи на сметката 788 - пораст од 20,17%. Буџетскиот дел од приходите, пак, беше зголемен за 21,05%, што, заедно со приходите од самофинансирачки активности (и пренесеното салдо), приходите од закупнини како и проектните приходи, доведе до зголемување на вкупните приходи на Факултетот за 12,82%. Како резултат на севкупните финансиски активности и максималното штедење во текот на годината, 2025 година заврши со високо салдо кое се пренесува во 2026 година. Тоа ќе обезбеди натамошна финансиска стабилност на Факултетот преку амортизирање на ризикот од посериозно идно намалување на сопствените приходи во текот на 2026/2027 година (и понатаму), кое би можело да се појави како резултат од евентуалниот пад на новозапишани студенти (особено на вториот циклус на студии) и/или од екстерни фактори.

Споредено со претходната година, оваа година е забележан значителен раст од  од 29,5% кај **бројот на новозапишани студенти** на првиот циклус на студии. Во таа смисла, апсолутните бројки зборуваат за одличен пораст од 96 студенти повеќе отколку минатата година. Збирно, порастот е најголем на правните студии и студиите по односи со јавноста, освен на студиската програма на политички студии на англиски јазик каде бележиме извесно опаѓање. Ваквиот тренд нѝ дава за право да констатираме дека оваа година е исклучително успешна што се однесува до уписот на студенти на првиот циклус, особено што на правните студии во целост е пополнета државната и приватната квота за редовни студенти, како и државната квота на студиите по односи со јавноста. Од друга страна, на вториот циклус на студии во октомврискиот уписен рок се запишаа вкупно 111 студенти, односно за 4 студенти повеќе во однос на минатата година.  Тоа значи дека и бројот на кандидати кои се запишувааат на вториот циклус бележи стабилизација. Во секој случај и понатаму е потребна особена внимателност околу уписите кај овие студии на среден рок, со оглед на фактот дека приходите од овие студии учествуваат со 37,84% во генерирањето на сопствените приходи на Факултетот. Во времето на подготвување на овој Извештај, во тек е вториот уписен рок на втор циклус на студии, така што, конечната состојба со уписите на овие студии останува да се согледа по завршувањето на вториот уписен рок. Континуирано се ажурира и осовременува **web-страната** на Факултетот, како и профилите на социјалните мрежи: **Facebook, Instagram и LinkedIn,** со што продолжува јакнењето на присуството и видливоста на Факултетот и факултетските активностите. Се очекува подобра информираност на потенцијалните (се разбира и постојни) студенти и зголемена видливост на Факултетот. Во извештајниот период, продолжи работата врз натамошно **унапредување на процесот на администрирање на студиите** преку службата за студентски прашања според Правилата за студирање на Факултетот. Во тие рамки, и натаму се зајакна централната координација на закажувањето и одржувањето на одбраните на бројните магистерски и

докторски студии, системот кај службата за студентски прашања за контрола на исполнетоста на условите за пријавување и одбрана на докторските и магистерски трудови и системот за изработка на податоци за тековно издавање на дипломите на дипломираните и магистрирани студенти. Преземени беа и дополнителни мерки за зголемување на ефикасноста на процесот на издавање на уверенија на студентите, што резултираше со свечена промоција на студенти кои завршиле прв и втор циклус, која се одржа на 13.05.2025 година, а во завршна фаза на подготовка е и планираната втора свечена промоција за оваа година. Во текот на изминатите месеци се изготви електронски систем за евиденција на присуството на студентите на наставата кој ќе започне да се применува како пилот-проект во вториот семестар од учебнатата 2025/2026 година, со цел за негова проверка и евентуално ажурирање. Примената на овој систем како задолжителен ќе започне во зимскиот семестар од наредната учебна година 2026/2027 година.

Во овој извештаен период се доврши процесот на **реакредитација или акредитација на студиските програми** и тоа пет студиски програми на вториот циклус. Во моментов доставени се предлози за акредитација на шеснаесет студиски програми на третиот циклус на студии.

На планот на **практичната настава и едукацијата на студентите**, продолжија активностите во рамките на Правната клиника за бегалци организирана од Меѓународниот центар за право на бегалците и миграција, Центарот за клиничка едукација по казнено право, Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата, Центарот за истражување на холокаустот, антисемитизмот и масовните злосторства (ЦИХА), Центарот за правна клиничка едукација по трудово право и социјално право, Центарот по реторика и правна аргументација – „Иво Пухан", Центарот за правна клиничка едукација-Центар за климатска акција и одржлив развој, Центарот за иновации во медиумите, а во извештајниот период беше формиран и Центар за европско континуирано образование.

И оваа година, студентските тимови од Факултетот остварија забележително учество на **moot-court натпреварите** Philip Jessup и Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot.

Во текот на месец мај 2025 година се спроведоа успешни избори за претседател на **Факултетското студентско собрание**, а во текот на месец декември 2025 година, се спроведоа избори за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" со мандатен период од една година.

Во извештајниот период, интензивирана беше **меѓународната, научната, конференциска и слична активност** на Факултетот, насочена кон негово натамошно отворање, особено, на меѓународен план. Меѓународната годишна научна конференција, која веќе традиционално се одржува на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, посветена на тема "Contemporary Challenges of Legal Systems," беше одржана во хибриден формат, во живо и со примена на видео конференциска врска (zoom), на 7 ноември 2025 година, со учество на 80 учесници од земјата и од странство. Конференцијата беше одржана во коорганизација со Уставниот суд на Република Северна Македонија, со Правниот факултет при Унивеитетот во Загреб и со Правниот факултет при Универзитетот „Аристотел" од Солун. Дел од конференцијата беше седмиот Скопско-загребски правен колоквиум со учество на излагачи од Правниот факултет „Јустинијан Први" и Правниот факултет од Загреб, како и посебен панел во кој учествуваа излагачи од Правниот факултет „Јустинијан Први" и Правниот факултет при Универзитетот „Арристотел" од Солун. На 10 декември одбележан е Меѓународниот ден на човековите права со обраќање на Н.Е. Претседател на Република Северна Македонија проф. д-р Гордана Сиљановска Давкова и раководителот на програмска канцеларија на Совет на Европа во Скопје д-р Олег Солдатов. На Правниот факултет, покрај активностите на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) во извештајниот период одржани се 37 настани: посета на амбасадори, трибини и обуки, гостувања на реномирани странски професори и други истакнати гости, со предавање или други форми на обраќање кон професорите и/или студентите, вклучително и повеќе предавања на странски и домашни предавачи.

Во текот на извештајниот период, беше продолжена работата во рамките на мрежата CEEPUS и другите мрежи во кои што членува Факултетот, ЕЛФА, ТЕПСА, Ротердамската мрежа. Во тие рамки (но и надвор од нив) се одвиваше **меѓународна проектна активност** на Факултетот. Истовремено, се работеше и на подготовка на повеќе апликации за проекти во рамки на различни програми и фондови. Успешно се реализираа **проектни активности** во рамките на започнатите проекти: „Континуирано правно образование и квалификации за современа правна професија", „Empowering Future Journalists: Advancing Media Education and Fostering Innovation in North Macedonia", „Колективно преговарање и еколошка одговорност – предизвици и перспективи за секторот за транспорт и јавниот сектор - CERP" и „INVIGORATEU", како и преку „Меѓународна програма за мобилност - Проценка на влијанието на уставни кризи и безбедност" и HARTech – Human Rights and Technology: Bridging the Gap with AI-Applications. Оваа година Правниот факултет е носител на три нови нови проекти финансирани од Министерството за образование и наука: „Усогласување на македонскиот правен систем со законодавството на ЕУ за вештачка интелигенција", „Континуирано правно образование и

квалификации за современа правна професија“ и „Иновативно-научни решенија за сузбивање на социјалната нееднаквост и сивата економија во Република Северна Македонија преку даночната регулатива“.

Врз основа на склучениот меморандум за соработка со Правниот факултет при Универзитетот „Аристотел“ во Солун формиран е и ‘Steering Committee’ за отварање на заедничка мастер програма, чии членки се и: Правниот факултет при Универзитетот во Скадар, Правниот факултет при Универзитетот во Подгорица, Правниот факултет при Универзитетот во Ниш, Правниот факултет при Универзитетот во Сараево, Правниот факултет при Државниот универзитет во Молдавија и Правниот факултет при Универзитетот во Источно Сараево. Седиштето на програмата е на Правниот факултет „Јустинијан Први“-Скопје, во Скопје.

Како и минатиот период, продолжува соработката за овозможување на студентска мобилност со Центарот за студии на Југоисточна Европа при Универзитетот во Грац.

**Мобилноста** на студентите и на наставниците во изминатата година се одвиваше на нешто поинтензивно, но, сè уште, скромно ниво. Во извештајниот период, во рамки на програмата ERAZMUS+, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, реализирани се три конкурси.

На конкурсот за студентска мобилност во зимскиот семестар, студентката Илина Величкиевска оствари мобилност на Правниот факултет во Сплит. На конкурсот за студентска мобилност во летниот семестар, пристигна вкупно 2 пријави од следниве студентки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје: Тамара Трајковска и Јана Стојаноска. Студентките се номинирани за реализација на програмата и прифатени од страна на Универзитетот во Катанија. На конкурсот за академска мобилност, пристигна една пријава од страна на проф. д-р Илина Ценевска и истата е прифатена за реализација на мобилноста на Правниот факултет во Келн. На Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје реализирани се 4 Еразмус+ мобилности на странски студенти и тоа: Laura Basso Filippo и Amodio (University of Trieste), Michal Wilik (University of Lodz) и Valentino Alfieri (University of Pavia). За време на летниот семестар, студентот Linus Berhnard Bohlen (University of Munster) ќе ја оствари својата Еразмус+ мобилност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Во рамките на проектот „Re: Europe: Rethinking Europe Together. Touring Summer School Berlin-Dijon-Skopje-Sofia” студентска мобилност преку учество во летни школи, во соработка со Универзитетот Sciences Po - кампусот во Дижон, Хумболт универзитетот во Берлин и Новиот бугарски универзитет во Софија, оствarija вкупно 14 студенти на Правниот факултет, придружувани од проф. д-р Иван Дамјановски. Работата на CEEPUS – мрежата за биоетика и соодветно на Правниот факултет „Јустинијан Први“ како партнер факултет од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, продолжи и оваа. Во рамките на мрежата остварени се неколку мобилности на наставен кадар и студенти.

Правниот факултет во текот на извештајниот период учествуваше како координатор /или партнер/учесник во подготовката на повеќе **пријави за национални и меѓународни проекти**, меѓу кои: Transition towards a green and circular economy in Uzbekistan through enhanced higher education capacities, links with private sector and breakthrough public policies based on advanced research (TRANSEC) (Capacity Building Higher Education – Erasmus +), LEXIS project “Legal Excellence for the Dibgital Age: Transforming Research, Institutions, and AI Readiness in Law” HORIZON-WIDERA-2025-01-Access-01, „Граѓаните и младите играат клучна улога во активно ангажирање за еколошките и граѓанските прашања на локално национално и ниво на ЕУ“ (CERV-2025-CITIZENS-CIV).

Во рамки на **издавачката дејност**, во извештајниот период беа објавени следниве публикации: Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Гзиме Старова, Скопје, 2025, Том 63, и „Движење на криминалот и казнената политика на судовите во Република Северна Македонија во периодот 2017-2023 година“. Електронското списание Iustinianus Primus Law Review од неговиот почеток до денес, објавува со динамика на два броја годишно, броејќи 35 броја вкупно, задржувајќи ја и традицијата од минатата година за објавување на посебен број, кој излегува како резултат на прифатените трудови презентирани на Годишната меѓународна конференција во организација на Правниот факултет. Во текот на академската 2024/2025 година беа објавени три броја, од кои редовните од изданието број 16, како и посебниот број во кој се објавени трудовите од учесниците на Годишната конференција во организација на Правниот факултет. Во април 2025 година издаден е и првиот број на возобновеното студентско стручно списание Iustinianus Primus Student Law Review со пет труда, а во подготовка е објава на вториот број на списанието.

Во текот на извештајниот период, беа потпишани десет нови **меморандуми за соработка**. Шест се билатерални-меѓународни со: Правниот факултет при Универзитетот „Аристотел“ во Солун, со Правниот факултет при Универзитетот во Источно Сараево, со Институтот за општествени науки „Иво Пилар“ од Загреб, со Правниот факултет при Универзитетот „Билкент“ од Анкара, со Глобалниот совет за толеранција и мир, со Националната комисија за образование при Универзитетот во Краков, а четири се склучени со национални партнери со: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација,

Македонската асоцијација на корпоративни правници, Агенцијата за катастар на недвлижности и ЕУРОЛИНК осигирување АД Скопје. Во извештајниот период на наставниците, соработниците и на студентите на Правниот факултет, преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје им беше овозможен пристап до Службен весник, пристап до правни материјали преку „Де Јуре“, пристап до електронски бази на научни списанија ‘HeinOnline’ и ‘Web of Science Core Collection’.

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на 14.03.2025 година, повторно со документација го испрати претходно поднесеното барање за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот согласно Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2025 година, за кој е добиена согласност од МОН и позитивно мислење од МЈА за работни места. Во барањето е побарана и согласност за пополнување на работни места преку мобилност.

Во текот на извештајниот период беа остварени неколку зафати насочени кон подобрување на **факултетската инфраструктура.** Помеѓу нив, се продолжи со санација на дел од дотраената кровна покривка, со добиена финансиска поддршка (преку УКИМ) од државни буџетски средства. Од помалите зафати, заменети беа сите (26) нефункционални радијатори во амфитеатрите, со што се реши проблемот со греењето на Факултетот. Набавени беа повеќе платна за проектирање и извршена беше замена на дотраени видео-проектори во предавалните и читалната, како и повеќе парчиња компјутерска опрема набавени, меѓудругото, во рамки на тековни проекти. При крај е реновирањето на Предавална 4, извршено како донација на Факултетот.

Погорните и други факултетски активности остварени во текот на извештајниот период се детално изложени во продолжение на Извештајот. Текстот на Извештајот е изготвен според воспоставената методологија и структура.

- **Акредитирани нови студиски програми**

Во извештајниот период на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се акредитирани студиски програми од вториот циклус студии и тоа: ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ: 1) Меѓународно приватно право (едногодишни студии) – *акредитација;* 2) Меѓународно приватно право (двегодишни студии) – *акредитација;* 3) Меѓународно јавно право, меѓународни односи и право на Европска Унија (двегодишни студии) – *акредитација;* 4) Корпоративно право (едногодишни студии) – *акредитација;* 5) Корпоративно право (двегодишни студии) – *повторна акредитација.* Во тек е постапка за повторна акредитација на студиски програми на ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ и тоа: 1) Административно право – *повторна акредитација;* 2) Граѓанско право – *повторна акредитација;* 3) Деловно право – *повторна акредитација;* 4) Историја на право – *повторна акредитација;* 5) Јавна администрација – *повторна акредитација;* 6) Казнено право – *повторна акредитација;* 7) Меѓународно јавно право и меѓународно приватно право – *повторна акредитација;* 8) Меѓународни односи – *повторна акредитација;* 9) Право на интелектуална сопственост – *повторна акредитација;* 10) Право на ЕУ и европски интеграции – *повторна акредитација;* 11) Политички систем – *повторна акредитација;* 12) Политички науки – *повторна акредитација;* 13) Правна реторика и аргументација – *повторна акредитација;* 14) Римско право – *повторна акредитација;* 15) Уставно право – *повторна акредитација;* 16) Финансово право – *повторна акредитација.*

- **Тек на наставно-образовниот процес**

Во учебната 2025/2026 година се организираше настава на Правниот факултет и тоа на прв циклус на студии (прва, втора и трета година) и на втор циклус на студии (прва и втора година). Со Правилата за студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и на втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје се подобрува режимот на студирање преку следењето на оптовареноста на студентите, односно се претпочита нивна рамномерна оптовареност низ семестрите, со што се очекува зголемување на нивната успешност (согласно Правилникот на УКИМ).

Во наставно-образовниот процес на Факултетот вклучени се вкупно 63 наставници со полно работно време, како и 5 наставници на кои им мирува работниот однос поради вршење на јавна функција, 1 наставник на кој му мирува работниот однос поради научно усовршување во странство и 2 соработници во соработничко звање – асистент. Наставата во академската 2025/2026 година (зимски и летен семестар) се изведува според одлуката за распоред на работните задачи и распоредите за настава и тоа на правни студии: прва година 3 паралелки, втора година 2 паралелки и трета година 2 паралелки; политички студии (на македонски и на англиски јазик): во сите три години по една паралелка; студии по новинарство: во сите три години по една паралелка; односи со јавност: во сите три години по една паралелка. Наставата во прва и втора година (втор циклус на студии) се спроведува според распоредот за предавања доставен од колегиумите на втор циклус на студии.

- **Уписи на студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии**

***Уписи на прв циклус студии во учебната 2025/2026 година***

Со Одлука на Наставно-научниот совет формирана е Конкурсна комисија за упис на студенти на прв циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје за учебната 2025/2026 година во состав: проф. д-р Есин Кранли - Бајрам (претседател), проф. д-р Драган Гоцевски, проф. д-р Елена Нешовска Ќосева, доц. д-р Теа Лалевска, доц. д-р Константин Битраков, асс. м-р Катерина Жатева, и асс. м-р Теа Мицевска.

Може да се заклучи дека во трите уписни рока се запишаа вкупно 380 студенти на сите студиски програми. Споредено со минатата година, интересно, забележан е значителен пораст од 29,5% на бројот на запишани студенти на петте студиски програми. Оваа година во задоволителни апсолутни бројки ги надминуваме минатогодишните и предминатогодишните уписи за 96, односно 119 студенти. Сумарно, порастот е видлив најмногу на правните студии и студиите по односи со јавноста, па во таа смисла годинава се запишале најмногу студенти во однос на изминатите три години. Пораст во однос на минатата година има на сите останати студиски програми, освен на политичките студии по англиски јазик. Од друга страна, пак, радува фактот дека надминатиот јаз од само 184 запишани студенти во академската 2020/2021 година, и оваа година е далеку надминат. Односно, со задоволство може да констатираме дека на правните студии го задржуваме трендот на зголемување на запишани студенти, што оваа година може да констатираме дека е значително. Ова нѐ води кон заклучокот дека, практично трендот на зголемување на бројката на студенти кои изминативе години ги избираат правните студии како нивен избор за студирање веќе е значајно видлив. Ваквиот тренд, доведе годинава целосно да биде пополнета државната и приватната квота на правните студии, како и државната квота на студиите по односи со јавноста, што не се случило повеќе години наназад.

***Уписи на втор циклус студии во учебната 2025/2026 година***

Врз основа на Конкурсот за запишување студенти на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за учебната 2025/2026 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје студентите можеа да се запишуваат на студиите од вториот циклус од областа на правните студии, политичките студии, студиите по новинарство и односи со јавност.

Се пријавија и се запишаа вкупно 111 кандидати на сите студиски програми[1].

Што се однесува до податоците за вториот уписен рок (втор циклус студии) во учебната 2024/2025 година, се пријавиле и се запишале вкупно 56 студенти. Податоците за вториот уписен рок на втор циклус студии во учебната 2024/2025 година се дел од овој извештаен период за работата на Факултетот, со оглед на фактот што запишувањето на студентите се одвиваше на 20 и 21 февруари 2025 година.

***Уписи на трет циклус студии – докторски студии во учебната 2024/2025 година***

Во учебната 2025/2026 година беше распишан Конкурс за упис на студенти на трет циклус студии (докторски студи) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во првиот и вториот уписен рок, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на трет циклус студии (докторски студии) се запишаа 12 (дванаесет) студенти на студиските програми на правни науки, 3 (тројца) студенти на студиските програми на политички науки и 0 (нула) студенти на студиската програма јавна администрација.

- **Практична настава и континуирана едукација**

Практичната настава во извештајниот период се одвиваше преку Центрите за правна клиничка едукација. Во извештајната година, покрај постојните центри за правна клиничка едукација - Правната клиника за бегалци организирана од Меѓународниот центар за право на бегалците и миграција, Центарот за клиничка едукација по казнено право, Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата, Центарот за истражување на холокаустот, антисемитизмот и масовните злосторства (ЦИХА), Центарот за правна клиничка едукација по трудово право и социјално право, Центарот по реторика и правна аргументација – „Иво Пухан“, Центарот за правна клиничка едукација - Центар за климатска акција и одржлив развој, Центарот за иновации во медиумите, беше основан и Центар за европско континуирано образование.

***Центар за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје***

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје на седницата одржана на 28.2.2023 година, донесе Одлука со која беше формиран Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, како посебна внатрешна организациона единица на Факултетот. Во периодот кој е предмет на овој Годишен извештај, Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) организираше и реализираше низа активности со цел остварување на целите и задачите за кои е формиран Центарот, и тоа: *1) Шест работилници за подобрување на*

[1] Бројот на запишани студенти е според податоци од првиот уписен рок. Вториот уписен рок на втор циклус на студии завршува на 13.02.2026 година, а запишувањето на новопримените студенти е на 18 и 19 февруари 2026 година.

*вештините за правно пишување* со цел стимулирање на развојот на практичните знаења и вештини на студентите и тоа: 1. Првата работилница ја реализираше *проф.д-р Александар Спасов*, симболично назначена како: „*Создавање, толкување и применување на правото: од класични методи до современа номотехника*". 2. Втората работилница се осврна на темата: „*Од нацрт до решение: структурата на секој управен акт*". Предавач на оваа работилница беше *м-р Марија Петрова Блажевска*, државен советник за правни и нормативно-правни работи, претставник од Државната комисија за одлучување во управна постапка, работни односи и инспекциски надзор - втор степен. 3. На 28.11.2025 година, *м-р Маја Симоновска*, адвокат, и *м-р Ема Анѓелкоска*, соработник, од Адвокатското друштво Папазовски и Мишев, ја спроведоа третата работилница на тема: „*Тужба: Архитектура на аргументот*". 4. Четвртата работилница беше реализирана на 5 декември 2025 година на тема: „*Јасна логика и убедлив стил: Пишување на силно обвинение*". Предавач на оваа работилница беше *м-р Даниел Коцев*, обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје. 5. Во рамки на петтата работилна, *судијата м-р Ненад Савески*, од Основниот кривичен суд Скопје, одржа предавање под наслов: „Од факти до пресуда: Моќта на јасното правно расудување".6. И последната, шеста работилница од овој серијал на обуки за номотехника и правно пишување, се реализираше на тема: „*Case lab: Извршни акти - од предмет до решение*", а како обучувач пред студентите гостуваше *м-р Зорица Симиќ, извршител од Скопје*. На работилниците активно учество земаа повеќе од 100 студенти, на кои им беа доделени сертификати. Овој серијал на обуки беше организиран и реализиран во соработка со Факултетското студентско собрание на Правниот факултет и ЕЛСА. *1) Обезбедување на практикантска работа и мобилност на студентите во низа државни институции, компании од деловниот сектор и организации од невладиниот сектор*, меѓу кои Собранието на РСМ, Царинската управа, Извршителска Канцеларија Лидија Радеска, „ШПАРКАСЕ БАНКА"„ Влада на Република Северна Македонија - Секретаријат за законодавство, неколку нотарски канцеларии во Скопје во соработка со Нотарската комора, Канцеларија на адвокат Златко Јолевски. *2) Организација на неконвенционални настани,* со цел развивање на критично размислување, како и доближување на алумни заедницата со студентите на Факултетот. 1. *Јавна проекција и дискусија на документарецот „Наследството на Фриц Бауер"*. Настанот се одржа на 11.4.2025 година, и истиот беше под модераторство на *проф. д-р Александра Груевска Дракулевски.* 2. „*Кажете НЕ на дискриминацијата и вознемирувањето на работното место: Како да ги препознаеме и како да се заштитиме од нив?,* кој се одржа на 14.4.2025 година, а свои излагања на темата имаа *проф.д-р Александар Ристовски* и *Игор Јадровски од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација*, додека, пак, работата на случаи со студентите ја оствари *м-р Анастасија Муратовска и м-р Софија Петличковска, од КСЗД.* 3. „*Битка на професии: Дуел на Корпоративни правници наспроти Адвокати*", организиран на 28.4.2025 година во соработка со *Македонската асоцијација на корпоративни правници.* 4. „*Јазикот на правото*" со цел совладување на техниките за изработка на правни акти, а со посебен фокус на Секретаријатот за законодавство на Владата на РСМ, реализиран на 7.5.2025 година, од гостите - предавачи: *д-р Оливера Нечовска*, секретар на Секретаријатот за законодавство, *доц.д-р Константин Битраков* и *проф.д-р Јасна Бачовска Недиќ*. 5. „*Кога правото лечи, а медицината штити*", настан за поблиско запознавање на студентите за поврзаноста помеѓу правото и медицината, кој се одржа на 08.05.2025 година, а свое излагање имаше *др. Владимир Чадиковски*, детски кардиохирург. *1) Оствaривме низа соработки и ја интензивиравме комуникацијата со алумни заедницата, со државни институции, домашни и меѓународни владини и невладини организации, адвокатски друштва, нотари, извршители како и нивните комори, трговските друштва и стопанските комори, како другите домашни и меѓународни субјекти*. При остварените средби ги информиравме подетално за програмите на Правниот факултет во насока на планирање на практикантската работа наменета за студентите на Правниот факултет. *2) Организација на Отворен ден и Кариерен ден на Правниот факултет*, во рамки на Отворениот ден на УКИМ, на 14-17.4.2025 година и 5.12.2025 година. На голем број матуранти, потенцијални студенти на Правниот факултет, низ кратка прошетка околу просториите на Факултетот, амфитеатрите, читалната и библиотеката, им беа презентирани студиски програми на Факултетот, активностите на студентите, имаа можност одблиску да се запознаат со професорите, можностите за стипендирање, меѓународна размена на студенти, нивните активности и вклученост во научноистражувачки проекти, студентскиот живот, практиканството и кариерните можности. *3) Соработка со средните училишта во Република Северна Македонија* преку промовирање на Факултетот и запознавање на учениците со студиските програми и активностите на Правниот факултет при нивно вклучување и присуство на дел од настаните на Центарот за кариера и алумни, при што посебно беше интензивирана соработката со СЕПУГС „Васил Антевски Дрен", СУГС „Јосип Броз Тито", СУГС „Никола Карев", и СУГС „Шаип Јусуф". Дополнително, покрај студентите на Правниот факултет, на дел од настаните организирани од Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) земаа учество и присуствуваа и ученици од средните училишта. Оваа можност ја понудивме со цел индиректна промоција на нашиот Факултет и приближување и запознавање на идните студенти со сите методи кои

им стојат на располагање во насока на креирање на квалитетни и високо конкурентни кадри. Во изминатиот период, Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) воспостави и одржуваше врски со Центарот за кариера на УКИМ во насока на спроведување на некои заеднички настани, како што се Отворениот и Кариерен ден на УКИМ. И конечно, Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) редовно објавуваше ажурирани информации за достапни работни позиции, стипендии, можности за практикантска работа и волонтирање на социјалните мрежи на Центарот за кариера, на Правниот факултет и на Факултетското студентско собрание, како и на веб страницата на Центарот.

***Центар за правна клиничка едукација – Центар за право на бегалци и миграција***

Во текот на 2025 година, односно летниот семестар од академската 2024/2025 година и зимскиот семестар 2025/2026 година, Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје спроведе низа проекти, активност и настани во рамки на своето работење. **Летен семестар 2025 (Април – Мај)** Отворањето на Правната клиника за право на бегалци се одржа на 1 април 2025 година. Предавањата се одржуваа со физичко присуство. Активностите на Правната клиника за право на бегалци во текот на летниот семестар ги следеа 16 студенти, од кои 8 студенти успешно ја завршија клиничката програма. Предавањата беа реализирани од страна на менторскиот тим. Покрај редовната наставна програма, свои презентации одржаа и стратешките партнери од Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија на темите: (1) Мандат на УНХЦР и (2) Бездржавјанство. Претставници од Македонското здружение на млади правници (МЗМП) одржаа презентации поврзани со практичните аспекти на заштитата, вклучително и интеграцијата на лицата под меѓународна заштита во Република Северна Македонија и постапката за азил во РСМ. Дополнително, претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи одржаа презентација за домашното законодавство што ја уредува постапката за азил. Во летниот семестар 2025 година, како меѓународен предавач, предавање одржа Giammaria Milani од Универзитетот во Сиена, на тема „Citizenship as a Fundamental Right", при што беа разгледани современите правни и теоретски аспекти на државјанството како основно човеково право. Студентите кои успешно ја завршија клиничката програма имаа можност да изработуваат сопствени трудови и есеи на тема по нивен избор, под менторство на професорите од менторскиот тим. Дополнително, во соработка со Македонското здружение на млади правници (МЗМП), студентите имаа можност да учествуваат во програма за практична работа, во рамки на која работеа на истражувања и случаи поврзани со бегалци и миграции. **Одбележување на Светскиот ден на бегалците - 19 јуни** Светскиот ден на бегалците беше одбележан преку заеднички настан со Претставништвото на УНХЦР, кој се одржа во Europe House Скопје. Во рамките на настанот беа доделени сертификати на студентите кои успешно го завршија летниот семестар на Правната клиника за право на бегалци, како и признанија за истакнати медиумски стории посветени на прашањата поврзани со бегалците. Притоа беше истакната улогата и посветеноста на студентите, како идни правни професионалци, кои свесно избраа да се вклучат, да учат и да застанат во одбрана на оние кои најчесто се оставени ~~на~~ маргините, со порака дека нивниот ангажман претставува надеж дека следната генерација ќе ги носи и унапредува вредностите на заштита, вклученост и правда. **Зимски семестар 2025 (Ноември - Декември)** Активностите на Правната клиника за право на бегалци започнаа на 20 ноември 2025 година и се одвиваа во текот на ноември и декември. Активностите на Правната клиника за право на бегалци во текот на зимскиот семестар ги следеа 23 студенти, од кои 16 студенти успешно ја завршија клиничката програма. Предавањата беа одржани од страна на менторскиот тим. Покрај наставата реализирана од менторскиот тим, свои презентации одржаа и стратешките партнери од Претставништвото на УНХЦР во Република Северна Македонија, на темите: (1) Мандат на УНХЦР и (2) Бездржавјанство. Претставници од Секторот за азил при Министерството за внатрешни работи одржаа презентација за меѓународната заштита предвидена во домашното законодавство и релевантните стандарди на Европската Унија, преку практични примери. Претставници од Македонското здружение на млади правници (МЗМП) одржаа презентации поврзани со практиката, со фокус на постапката за азил во Република Северна Македонија, како и интеграцијата на лицата под меѓународна заштита – предизвици и практики. Како и во претходните семестри, во рамки на Правната клиника за право на бегалци беа организирани гостински предавања, меѓу кои и меѓународно гостинско предавање. Во зимскиот семестар 2025 година, како меѓународен предавач, предавање одржа проф. Ивана Крстиќ од Универзитетот во Белград, на тема „Gender Perspective of Refugee Law", при што беа разгледани родовите аспекти на правото на бегалци и нивното значење во креирањето и примената на политиките за заштита. Студентите кои успешно ја завршија клиничката програма имаа можност да изработуваат сопствени трудови и есеи на тема по нивен избор, под менторство на професорите од менторскиот тим. **Летна школа за право на бегалци и азил 2025 - „Asylum in the Anthropocene: Reimagining Hospitality in Europe"** Центарот за право на бегалци и миграција при Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје, во соработка со Претставништвото на УНХЦР, во периодот од 1 до 5 септември 2025 година организираше Летна школа за право на бегалци и азил на тема „Asylum in the Anthropocene: Reimagining Hospitality in Europe".

Програмата на Летната школа беше фокусирана на современите предизвици на азилот и присилната миграција во услови на климатски промени, еколошки кризи и трансформација на европските политики за заштита, со посебен акцент на концептите на хоспиталност, солидарност и припадност. По објавениот отворен повик, на кој пристигнаа 77 апликации, беа избрани 54 учесници од 22 држави. Од вкупниот број учесници, 63% беа жени, а 37% мажи, при што 52% беа додипломски студенти, 39% студенти на магистерски студии и 8% докторанди. Сите учесници успешно ја завршија програмата и се стекнаа со сертификат за учество. Летната школа опфати 11 задолжителни сесии, реализирани од 10 академици и практичари, а официјално беше отворена со обраќања на проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет, и Gabriel de Godoy, претставник на УНХЦР во Северна Македонија. Учесниците доаѓаа од Грција, Северна Македонија, Украина, Италија, Србија, Франција, Германија, Романија, Турција, Полска, Словачка, Косово, Албанија, Босна и Херцеговина, Кина, Шри Ланка, Бразил, Нигерија, Бангладеш, Пакистан, Гана и Авганистан, што му даде на настанот изразен меѓународен и интеркултурен карактер. Програмата на Летната школа беше структурирана во пет тематски денови и тоа: Првиот ден, посветен на концептуалните и правните основи на азилот и заштитата на бегалците, започна со официјално отворање на Летната школа, по што следеше клучното предавање на Prof. Costas Douzinas на тема „Supplicants and Asylum: On the History, Politics and Ethics of Sanctuary". Програмата продолжи со предавањето на Prof. Ivana Krstić на тема „The Right to Asylum: Historical Development and Normative Legal Frameworks for Refugee Protection", како и со сесијата на Gabriel de Godoy на тема „International Legal Frameworks and Normative Foundations of Refugee Protection". Вториот ден беше фокусиран на присилното раселување во ерата на Антропоценот, преку предавањето на Liliana Jubilut на тема „Climate-Induced Displacement: Rethinking the Refugee Paradigm", при што беа разгледани современите предизвици поврзани со климатските промени и нивното влијание врз меѓународната заштита. Третиот ден ја отвори дебатата за европското управување и политиките на азил, со предавање на Viki Mladenova на тема „Securitization, Externalization, and the Future of Solidarity in EU Asylum Policy". Во рамки на денот беше организирана и проекција на документарниот филм "VIDAS DESLOCADAS" од João Marcelo, проследена со дискусија. Четвртиот ден беше насочен кон прашањата на хоспиталноста, припадноста и улогата на јавниот дискурс, преку предавањето на Prof. Dzaneta Karabegović на тема „From Integration to Belonging: Rethinking Host-Refugee Relations in Europe", како и сесијата на Nicos Trimikliniotis на тема „Narratives of Displacement: Media, Representation, and the Construction of 'the Refugee'". Петтиот и завршен ден беше посветен на иднините на хоспиталноста во свет што се менува, со интердисциплинарното предавање на Carlos Camarena на тема „Hospitality and Psychoanalysis in the Age of Toxicity: Migration, Listening and the Respiratory Drive in the Anthropocene", како и завршната сесија на Ana Paula Penchaszadeh на тема „Reimagining Hospitality: Toward Ethical and Ecological Frameworks of Protection", по што следеа завршните обраќања и официјалното затворање на Летната школа.

***<u>Центар за правна клиничка едукација по казнено право</u>***

Во периодот на април – декември 2025 година, во активностите на клиниката учествувале 45 студенти. Правната клиника по казнено право ги реализира следниве активности: Континуирана теоретска и практична обука од страна на менторите во Правната клиника по казнено право и адвокатите Дељо Кадиев и Дејан Кадиев наменети за студентите од областа на кривичната постапка во делот од ЗКП што се однесува на подготовка на обвинителен акт и приговор на обвинителен акт, унапредување на вештините за составување на воведни и завршни говори, како и вештините за директно и вкрстено испитување. Обуките се спроведуваа преку обработка на хипотетски сценарија прилагодени од реални случаи, а потоа и преку работа на веќе завршен анонимизиран кривичен предмет; Покрај адвокатите, во текот на работата на Правната клиника активно беше вклучен и визитинг професорот од САД, проф. д-р Дејвид Сигел; Спроведена една симулација на судење (mock trial) како завршен настан за студентите во текот на летниот семестар; Давање на секундарна правна помош на 5 (пет) судски предмети, од кои 2 (два) се правосилно завршени, а останатите предмети се сè уште активни; Следење на судски расправи во Основниот Кривичен суд во Скопје на неделно ниво во периодот од месец февруари до месец декември 2025 година; Спроведен е тренинг на тема Сајбер криминалитет и антикорупција, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, по што учесниците на тренингот учествуваа на национален натпревар во пишување на есеи.

***<u>Центар за правна клиничка едукација по трудово право и социјално право</u>***

Во текот на 2025 година во рамките на Центарот за клиничка едукација по трудово и социјално право беа остварени низа на активности: Започна емитување на подкастот – Клиника за труд; Студенти присутни на национална работилница во рамките на меѓународниот проект ЦЕРП каде Правниот факултет е еден од партнерите – 27.02.2025г година; Гостување на координаторот за Македонија од МОТ г. Емил Крстановски – 27.03.2025 година; Одржани две работилници за трговија со луѓе и трудова експолатација со поддршка на Бизнис конфедерацијата на Македонија – 11.03.2025 година и 22.04.2025 година; Студенти присутни на Национална конференција за реформи во трудовото законодавство –

предизвици и насоки, во организација на Конфедерацијата на слободни синдикати – 02.04.2025 година; Студенти на посета на Конференција на тема "Работничката права во време на промени: Заедно кон праведна транзиција и ефикасна администрација" – 30.04.2025 година; Студенти присутни на Национална платформа за вработување отворање на економскиот потенцијал преку инвестирање во ромската заедница – 07.05.2025 година; Форум „Која е вистинската професија за мене? – 08.05.2025 година; Гостинско предавање на тема „Европски трудови стандарди и судска пракса" од страна на проф. Валериа Илиева, Metre en conference (droit du travail) при Правниот факултет на Универзитетот Picardie Jules Verne во Амиен, Франција – 14.05.2025 година; Обука за студенти на тема: „Разбирање на причината за твојата работа – патот до вистински професионален успех" – 21.05.2025 година; Академско кафе со најдобрите студенти од генерацијата – 09.10.2025 година; Студенти на посета на Меѓународна Конференција за фриленсери во организација на Impact Fondation – 18.10.2025 година; Студенти на посета на конференцијата „Кон безбедна и здрава работна средина во Република Македонија" – 11.11.2025 година; Конференција „Достоинствена работа – вистинскиот пат кон праведно општество" – 18.12.2025 година.

***Центар за правна клиничка едукација по реторика и правна аргументација „Иво Пухан"***

Членовите на Катедрата по римско право, почнувајќи од февруари 2026 година ги почнаа подготовките за реализација на дваесет и осмата Ораторска вечер „Иво Пухан". Во текот на подготовките на пријавените студенти ќе им бидат одржани повеќе работилници во насока на подобрување на нивните говорнички вештини.

***Центар за истражување на холокаустот, антисемитизмот и масовните злосторства – ЦИХА***

Раководителот на Центарот за истражување на холокаустот, Мишо Докмановиќ на почетокот на април учествуваше на Регионалниот институт „Глобални пристапи кон холокаустот" кој се одржа на Универзитетот на Небраска во Омаха, САД каде имаше можност да ги сподели искуствата од реализацијата на Универзитетската програма за изучување на холокаустот, која секоја година се реализира на Факултетот, но и да зборува за трагичната судбина на 7144 македонски Евреи кои беа убиени во Втората светска војна. Во периодот од 7-11 јули 2025 година проф. д-р Мишо Докмановиќ и проф. д-р Александра Груевска Дракулевски оствариjа студиска посета на повеќе установи поврзани со историјата на унгарските Евреи во Будимпешта. Во рамките на посетата, професорите имаа посебни излагања во едукативниот центар на синагогата „Румбах" за спецификите на користените методи за изучување на холокаустот на Правниот факултет „Јустинијан Први". Во текот на јуни 2025 година проф. д-р Мишо Докмановиќ оствари студиски престој во Националниот музеј на Втората светска војна во Њу Орлеанс, САД во рамките на Програмата за развој на универзитетски професори. Целта на престојот беше понатамошно унапредување на содржината на курсевите на Универзитетската програма за изучување на холокаустот, поддржани од Конференцијата на еврејските материјални побарувања од Германија, како и модернизирање на методите за настава на курсевите, особено во контекст на иновативните методи за изучување на Втората светска војна. Проф. Мишо Докмановиќ од 13.12-18.12.2025 година учествуваше на Годишната конференција на Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот во Ерусалим, Израел. Првиот ден од еднонеделната програма учествуваше на Прелиминарната конференција за сите учесници одржана во Министерството за надворешни работи на Израел. Конференцијата беше фокусирана на два сегменти (Intergenerational Transition and Technologies – Implications for Holocaust Remembrance и Combating Current Antisemitism: Challenges and Opportunities). Вториот дел од програмата се одржа во водечката институција за истражување на холокаустот во светот – „Јад Вашем". **<u>Активности реализирани во извештајниот период 1.3.2025 – 28.2.2026 година</u>** На 1 април 2025 година беше организирана посета на Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија. Реализиран настан на 30 април 2025 година - Споделување на приказните – Зачувување на меморијата" (сведоштва од Холокаустот), јавен настан реализиран студентите од Правниот факултет „Јустинијан Први"- Скопје кои го следеа курсот по Антисемитизам, Холокауст и човекови права. Настанот беше фокусиран на 4 клучни теми: Животот во гетата, Духовниот отпор во гетата (архивата на Ојнег Шабес), Востанието во Варшавското гето и искуствата на Холокаустот низ призма на уметноста. Доделени сертификати на студентите за завршен курс "Холокаустот и меѓународната правда", предавач проф. д-р Александра Груевска Дракулевски во мај 2025 година. Во зимскиот семестар на учебната 2025/26 година имаше рекорден број на слушатели (82). Со тоа вкупниот број на слушатели од воспоставувањето на програмата изнесува 375 студенти. Свечено отворање на Универзитетската програма и Јавен форум „Полските искуства во сеќавањата за холокаустот" со гостување на амбасадорот на Република Полска, Мариуш Бримора – 9 октомври 2025 година. Во рамките на свеченото отворање, покрај продеканот на Факултетот, проф. д-р Драган Гоцевски и раководителот на Универзитетската програма, проф. д-р Мишо Докмановиќ, се обрати и Амбасадорот Бримора. Тој зборуваше за полските искуства во врска со сеќавањето на холокаустот, а одговараше и на прашања на студентите. На 12 ноември 2025 година беше организиран заеднички настан со Министерството за надворешни работи на

Државата Израел. Со голема заинтересираност, студентите го проследија предавањето на др. Амира Халперин од Велика Британија која зборуваше за предизвиците при спроведувањето на политиките за борба против тероризмот и влијанието врз глобалните општества по нападот од 7 октомври во контекст на растечкиот антисемитизам во универзитетската средина. На предавањето присуствуваше и израелската амбасадорка Вивиен Аисен. Предавањето беше одржано во Меморијалниот центар на холокаустот на Евреите од Македонија. На 26.1.2026 година се одржа Комеморативен настан по повод Меѓународниот ден на сеќавање на холокаустот и доделување на дипломите на слушателите на курсевите од зимскиот семестар. На настанот, покрај проф. Мишо Докмановиќ се обрати амбасадорката на Израел, Вивиен Ајсен, претседателката на Пратеничката група на Собранието на Република Северна Македонија за соработка со парламентот на Државата Израел, Рашела Мизрахи и извршниот директор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, Горан Садикаријо. На настанот зборуваше и Ефрат Барух Алтарац, снаа на последното еврејско дете од Штип, Шела Алтарац.

***Центар за правна клиничка едукација по студентска дебата***

Од своето основање до 1 март 2026 година, Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата за 2025 година при Правниот факултет „Јустинијан Први" во целост ја реализираше Годишната програма за работа и оствари значително проширување на активностите. Центарот воспостави формализирана соработка со Младинскиот образовен форум преку потпишување меморандум, што овозможи организирање обуки по британска парламентарна дебата и дебатни турнири. Во рамките на обуките, беа организирани две серии почетни курсеви по британска парламентарна дебата, низ кои поминаа повеќе од 60 студенти од Правниот факултет и над 30 студенти од други единици на УКИМ. Како што е наведено, „беа одржани по 10 предавања во рамки на секоја обука (вкупно 20 во 2025 година)" .Центарот организираше и два дебатни турнири – во март и декември 2025 година, со значителна студентска вклученост. Дополнително, беа одржани три јавни дебати на теми поврзани со екологија, економија и студентски политики, во соработка со партнерски организации.Во втората половина од годината беше формирана и напредна група на дебатери и судии, која редовно се состанува и брои 20 членови. Паралелно, Центарот креираше база на потенцијални партнери и донатори. Покрај планираните активности, беа реализирани и дополнителни настани, меѓу кои учество на раководителот во обуки за тренери, тркалезна маса и промоција на прирачникот „Отвори го умот за нови перспективи", како и две отворени предавања за студенти на теми од демократија и политичка култура. Изминатата година беше исклучително динамична и продуктивна за Центарот за студентска дебата. Во продолжение се издвојуваат најважните постигнувања: **Континуирана едукација на студенти** Во периодот октомври–декември 2025 година организиравме почетна обука по британска парламентарна дебата за студентите од Правниот факултет и другите единици на УКИМ. Напредниот дебатен клуб функционираше континуирано во текот на целата година, со редовни неделни средби. Клубот доби сопствена просторија, што овозможи подобри услови за работа и развој на членовите. Раководителот и членови на Центарот учествуваа на обука за развој на курикулум за напредна програма (Велес, ноември 2025). Организираба е специјализирана Обука за судии по дебата со гостински предавачи од Србија, Хрватска и Словенија. **Учество на меѓународни настани** Пет членови на Центарот учествуваа на меѓународниот студентски турнир Zagreb Open 2025 (15–16 март 2025). Пет членови на Центарот повторно учествуваа на Split Open 2025 (19–20 јули 2025), претставувајќи го факултетот и државата на високо ниво. **Организација на дебатни турнири** Организиран е национален средношколски турнир „Дебатно првенство 2025" (17–18 мај 2025). Организиран е меѓународниот студентски турнир Skopje Open 2025 (27–28 септември 2025), на кој учествуваа 32 тима од земјата и странство. Реализиран е националниот студентски турнир (20–21 декември 2025). **Организација на јавни дебати** Јавна студентска дебата во Нетавил на тема: „Овој Дом би им забранил можност за повторно кандидирање на градоначалници кои не исполниле 80% од својата програма." (6 ноември 2025); Студентска трибина во соработка со ФССПФ: Глас против родово базирано насилство (11 декември 2025). **Тркалезна маса за значењето на дебатата во високото образование** (28 јануари 2026), на која учествуваа повеќе наставници и студенти од единиците на УКИМ. **Партнерства и поддршка** Активностите на Центарот се реализираа во блиска соработка со Младинскиот образовен форум, а дел од нив беа поддржани од Вестминстер фондацијата за демократија во Скопје. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје обезбеди финансиска поддршка во износ од 270 евра.

***Центар за правна клиничка едукација – Центар за климатска акција и одржлив развој***

Центарот во рамки на својата работа спроведува истражувачки активности во областа на климатската акција и одржливиот развој во соработка со домашни и меѓународни партнери, како и активности за стекнување и пренесување знаења и практични вештини од областа на меѓународните и европските стандарди и правила во областа на заштитата на животната средина, климатската акција и промоцијата на целите за одржлив развој на ООН, особено преку клиничка едукација. Во рамки на истражувачките активности, проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска учествуваше на конференцијата

организирана од Универзитетот во Торино, насловена – „The Brussels effect: strengths, limits and the future of EU influence in the Western Balkans“ одржана на 15.09.2025 година, каде го презентираше трудот со наслов „EU and climate action - critical perspectives from the Western Balkans“. Во текот на 2026 година трудот ќе биде објавен како поглавје во книгата *EU Law beyond the Union: Legal Transplants and Reception in Western Balkans* во рамки на изданијата на *Quaderni del Dipartimento di Giurisprudenza* на Универзитетот во Торино, Италија. Проф. д-р Љупчо Стојковски работи на истражување поврзано со глобалните предизвици кои ги носат климатските промени и начинот на кој државите се справуваат со овие предизвици преку користење на Вештачката Интелигенција. Исто така, во рамки на Центарот, а во соработка со Канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во Скопје и АД Алкалоид, се организираше првата Клиника посветена на Целите за Одржлив Развој, со цел да им ја доближи на студентите визијата за одржлив раст и да ги мотивира во нивната идна истражувачка, академска и општествено ангажирана улога. На предавањата во рамки на Клиниката, која се одржуваше во периодот од 25 до 28 ноември 2025 година на Правниот факултет присуствуваа 30 студенти, кои со помош на претставници од академската заедница, приватниот сектор и меѓународните организации, ги истражуваа врските помеѓу развојните политики, животната средина и климатската акција и подлабоко се запознаа со Агендата 2030. На денот на отварањето на Клиниката посветена на Целите за Одржлив Развој, пред првите учесници обраќање имаа Деканот на Правниот Факултет, проф.д-р Сашо Георгиевски, Амбасадорката на Јапонија, H.E. Сецуко Кавахара, Постојаниот претставник на УНДП, Армен Григорјан и членот на Управниот одбор на „Алкалоид“ АД Скопје, Оливера Панева кои ја нагласија важноста од создавање ваков вид на практични платформи што ги поврзуваат студентите со реалните развојни предизвици и студии на случај. Преку работата на Клиниката, студентите добија увид во значењето на Целите за одржлив развој, кои се одраз на една смела визија на ООН – преземена обврска за подобра, поздрава, побезбедна и одржлива иднина. Седумнаесетте меѓусебно поврзани и амбициозни цели за одржлив развој на ООН, кои се однесуваат на главните развојни предизвици со кои се соочуваат граѓаните на нашата земја, но и во целиот свет, се дел од образовната мисија на Правниот факултет во Скопје, а со самото тоа и на Центарот за климатска акција и одржлив развој. Следен чекор во работата на Центарот за климатска акција и одржлив развој е соработка со Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата во организирање на студентска дебата во текот на месец февруари 2026 година на ~~теми~~ поврзани со Целите за Одржлив Развој.

***<u>Центар за иновации во медиумите</u>***

Во извештајниот период, проектот се фокусираше на градење одржлива основа за унапредување на новинарското образование преку стратешко партнерство меѓу Walter Cronkite School of Journalism and Mass Communication и Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Активностите беа насочени кон развој на практична средина за учење, зголемување на интересот за студирање новинарство и модернизација на наставните пристапи. Во рамките на првата цел, партнерите ја завршија усогласеноста на новинарската програма со стандардите на Accrediting Council on Education in Journalism and Mass Communications и реализираа три вештински ориентирани работилници поврзани со процесот на акредитација. Паралелно, беше развиван и операционализиран Media Innovation Center како новинарска лабораторија за наставни и воннаставни активности. Во делот на ПР и видливост, беше одржана мисија-визија работилница и беше засилена промоцијата на центарот, вклучително и појавување на утринска ТВ емисија. Започната е подготовка за пообемна рекламна кампања преку соработка меѓу студентите и кадарот на UKIM и Cronkite.

- **<u>Самоевалуација</u>**

Согласно член 55 став 4 од Законот за високото образование „Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу три години“, за учебната 2024/25 година не е спроведена самоевалуација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

- **<u>Наука на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје</u>**

***<u>Меѓународна годишна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје</u>***

Годишната меѓународна научна конференција се одржа на 7 ноември 2025 година, со вкупно 80 учесници. Оваа година конференцијата се организираше во ко-организација на три посебни панели со: 1) Правниот факултет од Универзитетот од Загреб – во рамките на овој панел се одржа 7-от Скопско-Загребски правен колоквиум со 8 делегати од Загреб кои учествуваа со свои излагања, а во делегацијата дојде и Деканот на Правниот факултет проф. д-р Иван Коприќ. 2) Правниот факултет при Универзитетот „Аристотел“ од Солун, со делегација од 6 учесници од кои три учествуваа со научни излагања, а делегацијата беше предводена од деканот на факултетот проф. д-р Панајотис Главинис. 3) Уставен суд на РСМ, со свои излагања учествуваа претседателот на Уставниот суд д-р Дарко Костадиновски и судија м-р Татјана Васиќ Бозаџиева. Во сите посебни панели како и во сесиите на конференцијата учествуваа и професори и соработници на Правниот факултет „Јустинијан Први“-Скопје, докторанди запишани на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како и докторанди, истражувачи и професори од странство.

***Меѓународна конференција “Technology Transfer and Investment Law“ – партнерско учество на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје***

На 10 март 2025 година, во Будимпешта и online се одржа меѓународна конференција на тема „Techologu transfer and investment law“. Конференцијата е резултат на заедничка организација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ и Department of Business Law, Faculty of Economic and Social Sciences of the Budapest University of Technology and Economics, Budapest, Hungary; Department of Law, Faculty of Law & Management, University of Mauritius, Mauritius; Department of Private International Law, Faculty of Law, University of Szeged, Szeged, Hungary; Faculty of Law and Business Studies Dr Lazar Vrkatić, Novi Sad, Serbia; Faculty of Law, Ankara Yıldırım Beyazıt University, Ankara, Turkey; Faculty of Law, Yozgat Bozok University, Yozgat, Turkey. На конференцијата, од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ, учествуваа: проф. д-р Тони Дескоски и проф. д-р Вангел Доковски. На покана на претседателот на меѓународниот уредувачки одбор, проф. д-р Золтан Виг, во организација на конференцијата, евалуација на апстрактите и трудовите, од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, УКИМ, вклучени беа проф. д-р Вангел Доковски и проф. д-р Марко Кртолица.

***Работилница – Mediation Road Show - Skopje***

Правната клиника по меѓународно приватно право во соработка со GIZ на 4.11.2025 година организираше еднодневна работилница насловена Mediation Road Show – Skopje. Во рамките на работилницата, обработени беа теми од областа на раното превенирање на инвестициски спорови, како и можностите од користење на медијацијата согласно правилата на ICSID Центарот. На настанот учествуваше и Frauke Nitschke од ICSID Центарот и 18 претставници на државни органи од Северна Македонија, Албанија и Косово.

- **Меѓународна соработка на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје**

Во рамки на извештајниот период беа спроведени редовни активности од областа на меѓународната соработка.

***Конференции, Дебати, Настани***

Во рамки на извештајниот период беа спроведени редовни активности од областа на меѓународната соработка. На Правниот факултет во извештајниот период одржани се 37 настани: посета на амбасадори, трибини и обуки, гостувања на реномирани странски професори и други истакнати гости, со предавање или други форми на обраќање кон професорите и/или студентите, вклучително и повеќе предавања на странски и домашни предавачи. Во истиот период на Правниот факултет посети оствариле следните амбасадори: Амбасадорот на Република Полска во Северна Македонија н.е. Мариуш Бримора на 9.10.2025 ја отвори програмата за Холокаустот, Амбасадор на Казахстан НЕ Сатибалди Буршаков беше во посета и одржа предавање пред студентите, Амбасадорката на Јапонија НЕ. Кавахара Сетсуко и постојаниот претставник на УНДП во РСМ Армен Григориан беа во посета и имаа излагања во рамките на отворањето на клиника на УНДП, во соработка со Центарот за климатска акција и одржлив развој на Факултетот (раководителка на Центарот е проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска), Амбасадорката на САД, НЕ Анџела Агелер одржа предавање на студентите, Амбасадорката на Шведска НЕ Ами Ларсон Јаин одржа предавање пред студентите, Амбасадорот на Франција, НЕ Кристоф Ле Риголер дојде во посета.

***Меѓународни договори, Меморандуми за соработка***

Во текот на извештајниот период, беа потпишани девет нови меморандуми за соработка, и тоа, со: Faculty of Law, University of Aristoteli in Thesaloniki, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, Македонска асоцијација на корпоративни правници, Агенција за катастар на недвижности, Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, Institut za društvene znanosti Ivo Pilar, Bilkent University Faculty of Law, Ankara, Global Council For Tolerance and Peace, National Education Commission University in Krakow, ЕУРОЛИНК осигурување АД Скопје.

***Erasmus +***

Во извештајниот период, во рамки на програмата ERAZMUS+, од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, реализирани се три конкурси. На конкурсот за студентска мобилност во зимскиот семестар, студентката Илина Величкиевска оствари мобилност на Правниот факултет во Сплит. На конкурсот за студентска мобилност во летниот семестар, пристигнаа вкупно 2 пријави од следниве студентки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје: Тамара Трајковска и Јана Стојаноска. Студентките се номинирани за реализација на програмата и прифатени од страна на Универзитетот во Катанија. На конкурсот за академска мобилност, пристигна една пријава од страна на проф. д-р Илина Ценевска и истата е прифатена за реализација на мобилноста на Правниот факултет во Келн. Во периодот помеѓу 1.10.2025 - 10.02.2026 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во

Скопје реализирани се 4 Еразмус+ мобилности на странски студенти и тоа: Laura Basso Filippo и Amodio (University of Trieste), Michal Wilik (University of Lodz) и Valentino Alfieri (University of Pavia). За време на летниот семестар во учебната 2025/26 година, студентот Linus Berhnard Bohlen (University of Munster) ќе ја оствари својата Еразмус+ мобилност на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

- **Учество на студенти на меѓународни натпревари**

***Натпревар по меѓународно право „Moot Court competition Philip Jessup”, Вашингтон, САД***

Меѓународниот натпревар Philip C. Jessup е најстариот и најголемиот moot court натпревар по меѓународно право во светот. Натпреварот го организира Меѓународната студентска асоцијација за меѓународно право (ILSA – International Law Students' Association) и истиот се одржува 66 години по ред, а на него годишно учествуваат над 600 правни факултети од целиот свет. Натпреварот, кој секоја година во април се одржува во Вашингтон Д.Ц, САД, претставува симулација на случај помеѓу две држави пред Меѓународниот Суд на Правдата и се одвива во две фази. Првата фаза е писмена постапка, во која тимовите подготвуваат и поднесуваат меморандуми за двете држави во спорот неколку месеци пред одржување на усната постапка. Во втората фаза, тимовите усно ги презентираат своите позиции и ги застапуваат двете држави на завршните рудни во Вашингтон. Оваа академска година, поднесувањето на писмените меморандуми траеше до 14 јануари 2025 година, а усните рунди на натпреварот се одржуваа во Вашингтон Д.Ц., САД, во периодот од 29 март до 5 април 2025 година. Оваа година, пријателските подготвителни натпревари се одржуваа во период од 26 февруари до 1 март 2025 во Мадрид, Шпанија, а Правниот факултет стигна во полуфиналето на турнирот, губејќи во елиминационите рунди од Charles University од Чешка, кој беше и победник на турнирот. На ова натпреварување двајца од студентите од Правниот факултет завршија во „Топ 10 најдобри говорници“ на натпреварот, и тоа Ана Марија Наумовска (3-то место), и Јован Василевски (4-то место). Финалното натпреварување се одржа во Вашингтон, Д.Ц., САД, од 29 март до 5 април 2025 година. Во прелиминарниот дел од натпреварување Правниот факултет се натпреваруваше против тимовите на Ateneo de Zamboanga University Rosendo U. Castillo Jr. College of Law (Филипини), Cornell University (САД), Eastern University (Бангладеш), Universidad de Puerto Rico (Порто Рико), и оствари резултат две победи и два порази. Тимот во конечното рангирање го освои 65-тото место, во конкуренција на 152 од најдобрите екипи кои се пласираа во завршните рунди во Вашингтон, од речиси 700 пријавени екипи за оваа година, пласирајќи се пред бројни реноминарани универзитети како на пример American University, САД (66 место), Peking University, Кина (67 место), Moscow State University named after M.V. Lomonosov, Русија (84 место), University of Helsinki, Финска (91 место), Charles University, Чешка (99 место), Auckland University, Нов Зеланд (102 место), University College London, Велика Британија (103 место) и многу други. Гледано само според писмените поднесоци, тимот на Правниот факултет „Јустинијан Први” во конечниот ранкинг го освои 25-то место во свет за оваа година. Победник на овогодинешниот натпревар по меѓународно право Philip C. Jessup беше Singapore Management University School of Law (Сингапур) победувајќи го National University of Kyiv-Mohyla Academy (Украина).

***Willem C. Vis International Commercial Arbitration Moot***

Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, со свој тим на студенти по 17-ти пат учествуваше на најголемиот натпревар во светот во областа на меѓународната трговска арбитража. Натпреварот оваа година се одржа во живо, во Виена, Австрија. Тимот го сочинуваа студентите на вториот циклус правни студии Дора Смилевска, Марио Лападатовиќ, Бојан Коцески и Стефан Кофиловски, под менторство на проф. д-р Тони Дескоски и проф. д-р Вангел Доковски. Во текот на подготовките, тимот учествуваше на подготвителни натпревари во Дизелдорф и Белград. Во Виена, тимот имаше вкупно 4 настапи во генералните рунди.

***Ceepus Networks***

Во извештајниот период, ЦЕЕПУС мрежата за биоетика одржа повеќе координативни состаноци меѓу раководителите од различните партнерски универзитети и нивните организациски единици, со цел координација на меѓународната академска мобилност. Како резултат на овие активности, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје реализираше неколку дојдовни и појдовни мобилности. Професорот Јарослав Бенак од Правниот факултет при Универзитетот Масарик одржа настава по предметот Уставно право на додипломските студии (во рамки на часовите кај проф. д-р Денис Прешова), како и на втор циклус студии по казнено право (во рамки на часовите кај проф. д-р Бобан Мисоски) во периодот од 9 март до 14 март 2025 година. Докторантката на докторските студии по Уставно право при Правниот факултет на Универзитетот Масарик, Барбора Томечкова, оствари едномесечен истражувачки престој во месец мај 2025 година. Во текот на престојот, таа реализираше консултативни средби со предметни професори од нејзината потесна област на истражување (проф. д-р Рената Тренеска Дескоска, проф. д-р Тања Каракамишева Јовановска и проф. д-р Денис Прешова), како и учествуваше на неколку настани организирани од Правниот факултет, меѓу кои и настанот организиран од ЕЛСА под наслов „Генетика на правдата“, одржан на 14 мај 2025 година. Во рамките на

појдовната мобилност, проф. д-р Денис Прешова оствари еднонеделна мобилност на Правниот факултет при Универзитетот Масарик во месец март 2025 година, каде одржа настава по предметите Уставно право и Политички систем. Проф. д-р Елена Игновска на истиот факултет реализираше настава на независен изборен предмет во траење од 12 наставни часа, со евалуација на 30 студенти, под наслов „Биоетика и човекови права во семејното право“ во месец мај 2025 година. Дополнително, докторантката Ефимија Зајковска, од докторските студии при Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, оствари едномесечна истражувачка посета на Универзитетот во Виена, при Факултетот за католичка теологија, под менторство на раководителката на ЦЕЕПУС мрежата за биоетика, проф. д-р Сигрид Мулер. Во текот на месеците ноември и декември се подготвуваше апликацијата за учество на Факултетот во ЦЕЕПУС програмата за следната академска година. Воедно, веќе се планирани повеќе активности за претстојната 2026 година, за кои ќе се известува во Извештајот за следната година.

***SEELS***

Центарот на SEELS го поднесува овој технички извештај за активностите спроведени во рамките на Мрежата, со посебен осврт на учеството и придонесот на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. **Проект:** „Човекови права и технологија: Премостување на јазот со примена на вештачка интелигенција (HARTech)“ **Спроведен во соработка со:** Европа-Институт при Универзитетот на Сарланд. **Финансиран од:** DAAD (Германска служба за академска размена). **Глобална училница (Global Classroom)** Глобалната училница беше успешно имплементирана, обезбедувајќи структурирани онлајн наставни сесии за студентите од целата мрежа SEELS. Учеството на Правниот факултет во Скопје беше значително, со околу 20 студенти кои присуствуваа на сесиите. **Летна школа за студенти** Летната школа се одржа во септември 2025 година на Правниот факултет во Сплит. Беа избрани студенти од Правниот факултет во Скопје кои зедоа активно учество во сесиите посветени на регулацијата на вештачката интелигенција и човековите права. **Меѓународна конференција за академски кадар** Еден докторанд од Правниот факултет во Скопје аплицираше за учество на меѓународната академска конференција организирана во рамките на HARTech. Поради претходно закажани професионални обврски, кандидатот не беше во можност да присуствува на утврдените датуми. **Издавачки активности – SEE Law Journal [Тематски дел за HARTech (Придонес во специјално издание)]** Во рамките на проектот беа спроведени активности поврзани со издаваштвото, со формално вклучување на Правниот факултет во Скопје. Вкупно беа поднесени 7 трудови од различни факултети во регионот. Четири рецензенти од Правниот факултет во Скопје учествуваа во процесот на двојно слепа рецензија (double-blind peer-review), обезбедувајќи го академскиот квалитет и почитувањето на стандардите на списанието.**SEE Law Journal** Во 2025 година, вкупно 4 трудови беа поднесени за разгледување во списанието SEE Law Journal. Еден рецензент од факултетот изврши евалуација на еден од поднесените ракописи. Вклученоста на рецензентите од Скопје во двата издавачки циклуси придонесе кон навременоста и контролата на квалитетот на уредувачкиот процес. **Активности за развој на проекти 1. Хоризонт Европа (Horizon Europe)** Под раководство на Европа-Институтот беше изработен целосен предлог-проект за повикот на Хоризонт Европа: *HORIZON-CL2-2025-01-DEMOCRACY-04: Отворена стратешка автономија, економска и истражувачка безбедност во надворешната политика на ЕУ.* **2. Програма за високо образование на DAAD** Овој предлог е дел од долгогодишната соработка на SEELS со Европа-Институтот. Проектот се фокусира на инвестициското право, со посебен акцент на стандардите за заштита на инвестициите и современите случувања во односите меѓу инвеститорите и државите. Проектот е структуриран во две комплементарни насоки: **Академска истражувачка насока:** Заеднички истражувачки активности за искусни и млади истражувачи; организација на конференции и подготовка на заеднички публикации. **Студентска едукативна насока:** Спроведување на Летна школа за инвестициско право; дополнителни онлајн мастер-класови за продлабочување на знаењата на студентите и поддршка за практичен ангажман во материјата.

- **Проектни активности**

***Меѓународни проекти***

Проектот INVIGORATEU започна со имплементација na почетокот на 2024 година, согласно планираниот календар. Во рамки на предвидените активности во 2025 година беа спроведени истражувања во повеќе работни групи на проектот од страна на истражувачкиот тим (проф. д-р Ирена Рајчиновска Пандева, проф. д-р Ненад Марковиќ и проф. д-р Иван Дамјановски). Покрај тоа беа подготовени квантативни и квалитативни извештаи, студии на случај, материјали за спроведување на интервјуа, сумирање на резултати и податоци и беше организирана младинска лабораторија во мај 2025 година. Во текот на годината, тимот учествуваше за сите активности кои беа организирани и спроведени во рамки на конзорциумот или посебно во работните групи. Тимот зема учество на годишната научна конференција на проектот во Брисел во мај 2025 година. Проектот во 2026 година продолжува и ќе се спроведува согласно планираните активности.

***Проекти***

***Проект: „Усогласување на македонскиот правен систем со законодавството на ЕУ за вештачка интелигенција“* финансиран од:** Министерството за образование и наука по Конкурс за распределба на средства за финансирање на научно-истражувачки проекти на државните универзитети-факултети/научни институти/МАНУ за 2025 година. Раководител / координатор на проектот проф. д-р Тања Каракамишева – Јовановска. **Проектен тим:** проф. д-р Тања Каракамишева – Јовановска (главен истражувач), проф. д-р Димитар Гелев (член на истражувачкиот тим), проф. д-р Гоце Наумовски (член на истражувачкиот тим), проф. д-р Драган Гоцевски (член на истражувачкиот тим), проф. д-р Христина Рунчева – Тасев (член на истражувачкиот тим), проф. д-р Денис Прешова (член на истражувачкиот тим), доц. д-р Константин Битраков (помлад истражувач), асс. м-р Катерина Жатева (помлад истражувач).

***Проект: „Иновативно-научни решенија за сузбивање на социјалната нееднаквост и сивата економија во Република Северна Македонија преку даночната регулатива“* финансиран од МОН.** Раководител / координатор на проектот проф.д-р Александар Стојков. Овој наративен извештај ги опфаќа реализираните активности во рамки на научно-истражувачкиот проект во периодот од 1 август до 20 декември 2025 година. Активностите беа насочени кон научна анализа на даночната регулатива, подготовка на научни трудови, меѓународно распространување на резултатите, јакнење на истражувачките капацитети и директна вклученост на студентите и релевантните институции во процесот на креирање иновативни даночни политики за сузбивање на сивата економија и намалување на социјалната нееднаквост.

***Проект: „Континуирано правно образование и квалификации за современа правна професија“* финансиран од МОН.** Во рамки на проектните активности беше спроведен сеопфатен и методолошки структуриран процес на анализа, консултации и прибирање податоци, насочен кон проценка на состојбата со континуираната професионална обука (КПО) во правните професии и нејзината усогласеност со Европската квалификациска рамка (ЕКР).

***Проект: „Empowering Future Journalists: Advancing Media Education and Fostering Innovation in North Macedonia*** Овој проект започна со фокус на студентите. Интересно е да се забележи, дури и при неговиот преран заклучок, дека главната цел на сите партнери - УКИМ, Кронкајт училиштето на АСУ и Амбасадата на САД во Скопје беше постигната. Како што напиша еден студент во својата изјава за влијанието за овој финален извештај, „Студиото за медиумски иновации е трансформативно“.

***Проект: „Колективно преговарање и еколошка одговорност – предизвици и перспективи за секторот за транспорт и јавниот сектор - CERP“*** Во последните години, одговорноста за животната средина и улогата на колективното договарање во јавниот и транспортниот сектор добиваат сè поголемо значење. Зголемената загриженост за климатските промени, имплементацијата на Европски зелен договор, како и брзите промени предизвикани од дигитализацијата, создаваат нови предизвици и потреба од адаптација на постојните модели на социјален дијалог. Балансирањето на еколошките цели со заштитата на правата и интересите на работниците претставува клучен аспект во современиот општествен и економски дискурс. Зелената транзиција, заедно со дигиталната трансформација, ја редефинира природата на работните односи, потребните вештини и безбедноста на работните места.

- **Настани, свечености и промотивни активности на Факултетот**

***Прв академски час***

На 1 октомври 2025 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на платото на кампусот општествени факултети организираше прв академски час со кој свечено се отвори новата учебна 2025/2026 година. На првиот академски час се обратија Ректорката на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, проф.д-р Биљана Ангелова, Министерката за образование и наука, проф.д-р Весна Јаневска, како и претседателот на Универзитетското студентско собрание, Александар Николовски. По завршувањето на нивните поздравни говори Ректорката им ги додели индексите на најдобро рангираните студенти на единиците на УКИМ. По завршувањето на централната свеченост, Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје организираше свечен прием на новозапишаните студенти во просториите на Факултетот. Деканот на Правниот факултет, проф. д-р Сашо Георгиевски им посака срдечно добредојде на бруцошите, а продеканите им ги врачија индексите.

***Ораторска вечер „Иво Пухан“***

Катедрата по римско право и оваа година објави јавен повик за учество на XXVIII Ораторска вечер на 19.2.2025 година. На повик се пријавија 24 студенти од повеќе единици на УКИМ. Ораторската вечер требаше да се одржи на 28 март 2025 година. За жал, во екот на подготовките се случи страшната трагедија во кочанската дискотека, заради што на барање на пријавените студенти подготовките беа прекинати, за што од страна на претседателот на Ораганизациониот одбор беше известен и Деканот на Факултетот. На заедничка средба со студентите, неколку недели по трагичниот настан, беше побарано подготовките да престанат заради несоодветноста на избраните теми за говорите со актуелниот момент.

Во текот на месец февруари 2026 година Oраганизациониот одбор ќе објави нов јавен повик со што ќе започнат подготовките за овогодинешната Ораторска вечер „Иво Пухан“.

***Одбележување на годишнината од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје***

Одбележувањето на 74 години од основањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје се одржа на 5.11.2025 година, со свечени обраќања на: проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје; Иларија Димулкова, претседателка на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и проф. д-р Биљана Ангелова, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На свеченоста беа доделени и плакети и благодарници, а се организираше и културно уметничка програма во изведба на студенти од Факултетот за музичка уметност во Скопје.

***Свечена седница на ННС по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на човековите права***

Свечена седница на Наставно-научниот совет по повод одбележување на 10 Декември, Меѓународниот ден за човековите права се одржа на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје на 10 декември 2025 година во Амфитеатар 1. Седницата ја отвори проф. д-р Сашо Георгиевски, декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, а свои обраќања имаа: Н.Е. Проф. д-р Гордана Сиљановска Давкова, Претседател на Република Северна Македонија и Олег Солдатов, Раководител на програмска канцеларија на Совет на Европа во Скопје.

***Промоција на дипломци и магистри***

Во текот на 2025 година се одржа една свечена промоција. Постапката за изработка на дипломите се одвиваше тековно и во периодот на март беа изработени вкупно 268 дипломи од двата циклуса на студии (177 дипломи од прв циклус студии и 91 диплома од втор циклус студии). Во моментот на изработка на извештајот од страна на Правниот факултет „Јустинијан Први“ се обработени и дадени за изработка до УКИМ податоци за 93 дипломи од прв циклус и за 127 дипломи од втор циклус студии. Планирани се промоции веднаш штом ќе бидат готови дипломите и ќе се одреди датум на промоција за којшто навремено ќе се известат студентите.

- **Издаваштво**

***Монографии, Зборници и Годишници***

Во извештајниот период беа објавени следниве публикации: Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во чест на проф. д-р Гзиме Старова, Скопје, 2025, Том 63, печатено издание, издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, главен и одговорен уредник на Годишникот: проф. д-р Тодор Каламатиев; Движење на криминалот и казнената политика на судовите во Република Северна Македонија во периодот 2017-2023 година, студија, печатено издание, издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, автори: проф. д-р Никола Тупанчески, проф. д-р Гордана Лажетиќ, проф. д-р Гордан Калајџиев, проф. д-р Александра Груевска Дракулевски, проф. д-р Александра Деаноска Трендафилова, проф. д-р Бобан Мисоски, проф. д-р Дивна Илиќ Димоски.

***Библиотека***

Библиотеката на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје извршуваше планирани и тековни задачи согласно Правилникот за работа на Библиотеката.

***Електронско списание Iustinianus Primus Law Review***

Електронското списание *Iustinianus Primus Law Review* е основано на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2010 година (http://lawreview.pf.ukim.edu.mk/). Од неговиот почеток до денес, објавува со динамика на два броја годишно, броејќи 35 броја вкупно, задржувајќи ја и традицијата од минатата година за објавување на посебен број, кој излегува како резултат на прифатените трудови презентирани на Годишната меѓународна конференција во организација на Правниот факултет. Во текот на академската 2024/2025 година беа објавени три броја, од кои редовните од изданието број 16, како и посебниот број во кој се објавени трудовите од учесниците на Годишната Конференција во организација на Правниот факултет. Списанието ја задржа веќе воспоставената добра традиција да објавува квалитетни трудови, рецензирани од анонимни рецензенти и има меѓународен уредувачки одбор, како и публика. Во текот на оваа година списанието беше прифатено да се индексира и во Базата на списанија од отворен карактер - Directory of Open Access Journals (DOAJ). DOAJ претставува реномирана база на списанија од отворен карактер, со што се потврдува тенденција за подигање на квалитетот на нашето списание. Во текот на оваа година, продолжува добрата практика списанието да може да биде пребарувано и во датотеката на EBSCO библиотеката и во датотеката на HEIONLINE библиотеката.

***Студентско стручно списание Iustinianus Student Law Review***

Во април 2025 год. издаден е и првиот број на возобновеното студентско стручно списание Iustinianus Primus Student Law Review. Уредувачкиот одбор го сочинуваат наставници и студенти на

Факултетот. Главен уредник е проф. д-р Александар Љ. Спасов. Членови на Уредувачкиот одбор од редот на наставниците и соработниците се доц. д-р Теа Лалевска, доц. д-р Константин Битраков, асс. м-р Катерина Жатева и асс. м-р Теа Мицевска . Од редот на студентите членови на Уредувачкиот одбор беа Данило Крстовски, Јана Матевска, Бојана Панковска и Неделко Неделковски. Во првиот број се објавени вкупно пет стручни статии на студенти на прв, втор и трет циклус на студии на Факултетот. По завршениот повик за трудови во подготовка е вториот број на списанието што се очекува да излезе до мај 2026 година.

- **Нови вработувања на Факултетот**

Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје на 14.03.2025 година, повторно со документација го испрати претходно поднесеното барање за вработување на лица во Стручната и административна служба и помошно-технички лица на Факултетот согласно Годишниот план за вработување на ненаставен кадар за 2025 година, за кој е добиена согласност од МОН и позитивно мислење од МЈА и тоа за работни места: советник за јавни набавки, советник за човечки ресурси, соработник за магистерски и докторски студии, соработник за студентски прашања, соработник за деловно работење, самостоен референт библиотекар, чувар и хигиеничар (4 извршители). Во барањето е побарана и согласност за пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција) за работно место: хаусмајстор; беше побарана и согласност за пополнување на работни места преку унапредување за работни места: раководител на Библиотека, советник за студентски прашања, самостоен референт за магацинско работење и курир, а беше побарана и согласност за пополнување на работни места преку распоредување во институцијата на исто ниво (хоризонтална мобилност) за работно место: советник за библиотечно работење. По барањето за ненаставен кадар од Правниот факултет, од страна на надлежните министерства на 19.05.2025 година е одговорено негативно.

- **Студентски избори на Факултетот**

На Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во 2025 година се одржаа два изборни процеси во кои гласаа студентите, претседателски и избори за членови на Факултетското студентско собрание, кои се одржаа во мај, односно декември 2025 година.

Со одлука на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје бр. 03-451/1 беа распишани изборите за претседател на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, предвидени да се одржат на 14.05.2025 година во аулата на Факултетот, во период од 8,30-16,30 часот. За претседател е избрана едиствената кандидатка Иларија Димулкова со освоени 84 гласови.

Со одлука на Деканот на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје бр. 03-1303/1 беа распишани избори за членови на Факултетското студентско собрание на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, предвидени да се одржат на 17.12.2025 година во аулата на Факултетот, во период од 8,30-16,30 часот. Изборната комисија констатираше избор на вкупно 21 членови, од прв циклус прва година. Од прв циклус, прва година, избрани се: Андреј Здравковски; Михаела Аџиоска; Данка Стојкова; Александар Стојков; Андреј Коцев; Даниел Мирчески и Божин Руменов. Од прв циклус, втора година, избрани се: Антонија Трајчева; Евгенија Маслинко; Филип Тренкоски; Јана Хубрева; Радица Велкова; Александар Бојчовски и Огнен Кипријановски. Од прв циклус, трета година, избрани се: Анисија Угриновска; Бранко Милошески; Калина Јовковска; Петар Китанчев; Ѓорѓи Шопоски; Бранислав Максимовски и Сара Лалиќ.

- **Наставно-научен совет**

Во периодот од 01.03.2025 година до 28.02.2026 година одржани се 11 редовни седници (од 12-та редовна седница одржана на 04.04.2025 година до 22-та редовна седница одржана на 27.02.2026 година), 2 вонредни седници одржани на 13.02.2026 година и на 16.02.2026 година и Свечена седница на ННС одржана на 10.12.2025 година. На седниците на Наставно-научниот совет во овој период на дневен ред беа поставени вкупно 183 точки /524 потточки/.

- **Деканатска управа**

Во текот на извештајниот период од 01.03.2025 година до 28.02.2026 година одржани се 11 редовни седници на Деканатската управа (од 12-та седница одржана на 04.04.2025 година до 22-та седница одржана на 27.02.2026 година) и 5 вонредни седници одржани на 21.03.2025 година, на 22.05.2025 година, на 06.02.2026 година, на 13.02.2026 година и на 16.02.2026 година. На дневен ред беа поставени 122 точки /4 потточки/.

- **Спроведени постапки за јавни набавки**

Согласно Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021 и 14/2025) Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав: проф. д-р Димитар Гелев - претседател, проф. д-р Милка Ракочевиќ – член и проф. Илија Руменов - член, во текот на 2025 година за потребите на Факултетот спроведе 24 постапки: 11 набавки од мала вредност (2 поништени постапки

согласно член 114, став 1, алинеја 2 од ЗЈН бидејќи не беше поднесена ниту една прифатлива понуда), 8 набавки со поедноставена отворена постапка (1 поништена постапка согласно член 114, став 1, алинеја 2 од ЗЈН бидејќи не беше поднесена ниту една понуда) и 5 набавки на посебни услуги.

- **Информации од јавен карактер**

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на РСМ" бр. 101/2019) Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во периодот од 01.03.2025 година до 30.01.2026 година има примено и одговорено на 30 (триесет) барања по овој основ и 2 (два) одговори по жалба.

## ЗАКЛУЧОК

Во периодот од 01.03.2025 година до 28.02.2026 година, опфатен со овој Извештај, на Правниот факултет „Јустинијан Први" – Скопје беа преземени низа мерки и активности со кои, особено, се овозможи: **а)** натамошна финансиска стабилност на Факултетот (со редовност во плаќањата), **б)** одржување на трендот од последните две години на зголемување на бројот на запишани студенти; **в)** натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку Службата за студентски прашања на Факултетот; **г)** спроведување на постапката по елаборатите за повторна акредитација на постојните и акредитација на нови (реформирани) студиски програми на вториот и третиот циклус на студии на Факултетот пред надлежните тела; **д)** натамошно интензивирање на меѓународната, научната и конференциска активност на Факултетот; **ѓ)** поддршка на активностите на Центарот за кариера на студентите и на работата на постојните и основање на нови центри за клиничка едукација на Факултетот; и **е)** подобрување на факултетската инфраструктура.

Со оглед на тековните и претстојни задачи, во наредната година, факултетските активности, во континуитет, би требало да бидат насочени, особено, кон: **а)** натамошно одржување на финансиската стабилност на Факултетот (со пренесување на потребно салдо во наредната година); **б)** натамошно унапредување на процесот на администрирање на студиите преку службите на Факултетот; **в)** натамошно збогатување на меѓународната и научната соработка на Факултетот, вклучително преку стимулирање на поинтензивна меѓународна конференциска, проектна и друга активност; стимулирање на поголема проектна активност на Факултетот; **г)** стимулирање на студентската и академска мобилност (од и кон Факултетот) во рамки на постојните програми; **д)** поддршка на Центарот за кариера и одбор за поддршка (алумни) на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје и на останатите центри на Факултетот; **ѓ)** одржување на одличнатха соработка со Факултетското студентско собрание и другите студентски тела, вклучително во рамки на Центарот за правна клиничка едукација по студентска дебата основан во партнерство со ФСС; **е)** продолжување со проектните активности во рамките на тековните проекти и развивање на нови проекти на Факултетот; **ж)** натамошно унапредување на факултетската инфраструктура, особено, преку санирање на оштетените скалила на предната страна на факултетската зграда, реновирање на Амфитеатар 3 и други простории на Факултетот.

Д Е К А Н

Проф. д-р Сашо Георгиевски